**Известување за концентрација со која ЈАСМИН ДОО Белград ќе стекне контрола над ЈАСМИН ПАРФИМЕРИЈА ДООЕЛ Скопје (предмет бр. 08-123/2026)**

Согласно член 15 од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на Република Македонија“ бр.145/10, 136/11, 41/14, 53/16, 83/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 208/24 и 16/25), на ден 07.08.2026 година, до Комисијата за заштита на конкуренцијата е доствено известување за концентрација со која ЈАСМИН ДОО Белград (ПАЛИЛУЛА) со седиште на ул.”Дунавска”, бр.31, Палилула, Белград, Република Србија, има намера да стеке контрола врз Друштвото за трговија и услуги ЈАСМИН ПАРФИМЕРИЈА ДООЕЛ Скопје со седиште на ул. „Митрополит Теодосиј Гологанов" бр. 72, Скопје, Република Северна Македонија , преку купопродажба на удели.

**Учесници во концентрацијата и нивни деловни активности:**

ЈАСМИН ДОО Белград е со предмет на работење трговија на мало со козметички и тоалетни производи во специјализирани продавници, а мнозински содружник во ЈАСМИН ДОО Белград, со удел од 75%, е РАДИКС ДОО Белград (ПАЛИЛУЛА) од Република Србија.

Друштвото за трговија и услуги ЈАСМИН ПАРФИМЕРИЈА ДООЕЛ Скопје со седиште на ул. „Митрополит Теодосиј Гологанов" бр. 72, Скопје, е со предмет на работење трговија на големо и мало со парфимериски и козметички препарати. Единствен содружник на ЈАСМИН ПАРФИМЕРИЈА ДООЕЛ Скопје е Друштво за трговија и услуги МАТОСС ГРОУП ДОО Скопје, кое друштво има склучено Преддоговор за пренос на целиот удел ЈАСМИН ПАРФИМЕРИЈА ДООЕЛ Скопје на ЈАСМИН ДОО Белград, со чија реализација ЈАСМИН ДОО Белград ќе стекне единствена контрола врз ЈАСМИН ПАРФИМЕРИЈА ДООЕЛ Скопје.

Другата страна во трансакцијата е Друштвото за трговија на големо и мало и услуги ТИНЕКС-МТ ДООЕЛ експорт-импорт Скопје со седиште на ул.”Васил Ѓоргов", бр.16-1/мансарда 1, Центар, Скопје кое преку своите подружници КОСМО Тинекс Дрогерии кои работат под трговскиот знак „Cosmo“, врши трговија на мало со парфимериски и козметички препарати, средства за лична хигиена, средства за хигиена на домот и други производи за широка потрошувачка.

ЈАСМИН ПАРФИМЕРИЈА ДООЕЛ Скопје ќе стекне единствена контрола врз функционално определен дел од претпријатието на ТИНЕКС-МТ, односно ЈАСМИН ПАРФИМЕРИЈА ДООЕЛ Скопје ќе го преземе работењето на четири деловни единици – КОСМО Тинекс Дрогерии, кои како подружници работат под трговскиот знак „Cosmo" (“Целен бизнис”), заедно со залихите на готови производи, опремата и мебелот што се наоѓаат во нив, а преземените продавници ќе продолжат да работат под нов, различен бренд. Учесниците во концентрацијата предвидуваат, најпрво да се спроведе преземањето на работењето на четирите деловни единици – продавници од страна на ЈАСМИН ПАРФИМЕРИЈА ДООЕЛ Скопје, а потоа целокупниот удел во ЈАСМИН ПАРФИМЕРИЈА ДООЕЛ Скопје од Матосс Гроуп ДОО Скопје да се пренесе на ЈАСМИН ДОО Белград. Двете правни работи се меѓусебно условени делови на единствена операција.

За целите на оценка на концентрацијата подносителот на известувањето предлага како релевантен пазар на производи да се дефинира пазарот на трговија на мало со парфимериски

и козметички производи и производи за лична хигиена на територијата на подрачјето на Град Скопје, Република Северна Македонија.

*Врз основа на прелиминарното испитување Комисијата утврди дека предметната концентрација може да потпадне под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата. Сепак конечната одлука по ова прашање е резервирана.*

*Комисијата ги повикува заинтересираните трети страни да достават забелешки и мислења за оваа концентрација до Комисијата. Забелешките и мислењата на заинтересираните трети страни можат да се испратат на адреса: ул. „Св. Кирил и Методиј“ бр.54, Скопје или по e-mail: kzk@kzk.gov.mk и истите треба да пристигнат до Комисијата во рок од 10 дена од денот на објавување на ова известување.*

10.08.2026 година
Скопје